Врз основа на член 63, став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Сл.весник на РМ", број 10/97, 54/97, 13/2001 и 2/2002 година), Владата на Република Македонија, донесе:

# О Д Л У К А
## за определување на надоместокот за одобрение за приредување на забавни игри

("Сл.весник на РМ" број 19/2002)

### Член 1

Со оваа одлука се определува надоместокот за одобрение за приредување на забавни игри.

### Член 2

Износот на надоместокот за одобрение за приредување на забавни игри на домашно правно или физичко лице е 3.000 евра.

Надоместокот од став 1 од овој член, приредувачот на кого му е издадено одобрението го уплаќа во еднократен износ на денот на издавањето на одобрението во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

### Член 3

Средствата се уплатуваат на жиро сметка бр.840-62207 -надоместок од приредување на забавни игри и приходно конто број 718113.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-958/1
5 март 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија
Љубчо Георгиевски